Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) на 14 јануари 2012 г. во Скопје организираше дебатата „Огледало на Владата: резултати од следење на отвореноста на институциите“. На дебатата учествуваа 25 претставници од граѓанските организации, од министерствата и други државни институции, како и од меѓународните организации.



Цел на настанот беше да се споделат резултатите од следење на отвореноста на државните институции и да се дискутира за предностите од вклучувањето односно последиците од невклучување на јавноста во процесите на подготовка на закони.

Присутните претставници ги поздрави Ирена Иванова, од Делегацијата на Европската Унија која даде осврт на важноста на проектот за развојот на квалитетни политики и поголемо вклучување на граѓанските организации во подготовка на закони.

Емина Нурединоска, од МЦМС, го фацилитираше настанот и го претстави проектот „ Огледало на Владата
“. Таа истакна дека додадена вредност на проектот е подобрената соработка и зголемената доверба меѓу претставниците на органите на државната управа и граѓанските организации.

За тоа што државата прави за унапредување на условите за вклучување на јавноста во подготовката на законите зборуваше Гордана Гапиќ Димитровска, од Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА). Таа даде преглед на мерките преземени во 2012 година како што се: унапредување на правната рамка за проценка на влијанието на регулативата (ПВР); донесени прирачници за вклучување на засегнатите страни; надградба на Единствен национален регистар на прописи (ЕНЕР); континуирано јакнење на капацитетите државната администрација; воспоставен портал е-демокртија, итн.

Наодите од спроведено истражување за следење на отвореноста на институциите во земјава, по методологија развиена од партнерот во проектот - ЦНВОС од Словенија ги претстави Марија Саздевски, од МЦМС. Беа презентирани резултатите по индивидуалните индикатори за општата комуникациска и подржувачка средина за вклучување на јавноста за 11 министерствата и 6 други државни институции, а потоа и индикаторите за отвореноста на процесите на подготовка на 26 предлог закони. Најмногу внимание привлече презентирањето на редоследот на министерствата според оценките добиени за секоја од областите кои се следеа. Највисока оценка за комуникациска и подржувачка околина за вклучување на јавноста во процесите на подготовка на закони е 4 и ја добија: Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Министерството за култура (МК) и Министерството за образование и наука (МОН). Од другите државни институции највисока оценка 5 доби Агенцијата за млади и спорт.

За отвореноста во процесот на подготовка на предлог закони, најдобро оценети се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад на Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и Предлог-законот за здравствената заштита на Министерство за здравство (МЗ). Севкупно најдобро рангирано е МЖСПП.


ЕДАЛО НА ВЛАДАТА
ТВОТО НА ЈАВНОСТА ВО
ЕСИТЕ НА ПОДГОТОВКА
АКОНИ

[illegible]